Служба за работи со хартии од вредност
Ул.Македонија. 34, 1000 Скопје
www.sparkasse.mk
Тел. : +389 2 3200 713
+389 2 3200 539
MLBrokerSPsMAK@sparkasse.mk

**Шпаркасе Банка АД Скопје**
Ул.Васил Иљоски бр.14, 1000 Скопје
**www.sparkasse.mk**
Тел. : +389 2 3200 500
Факс.:+389 2 3200 515
contact@sparkasse.mk
SWIFT: INSBMK22

# Општи услови за прием на налози по електронски пат

Шпаркасе Банка АД Скопје

## Вовед

Член 1

Во согласност со применливите законски прописи, Шпаркасе Банка АД Скопје приемот на налози по електронски пат го уредува со овие Општи услови за прием на налози по електронски пат. Во нив се уредени начинот и постапката на работење со налози добиени по електронски пат со цел прецизно регистрирање на сите елементи на налогот за тргување неопходни за негово евидентирање во книгата на налози. Во овие Општи услови се регулира и начинот на утврдување на идентитетот на клиентот, менување, повлекување на налогот и евидентирањето на времето кога налогот е примен, проментет, односно повлечен.

Во согласност со применливите законски прописи клиентот ќе потпише посебен договор за користење на компјутерско информациониот систем за давање налози по електронски пат, систем кој на Шпаркасе Банка АД Скопје и го обезбедува Македонска Берза АД Скопје. Со овој договор ќе се уредат условите под кои Шпаркасе Банка АД Скопје, како дистрибутер на системот, ќе му овозможи на клиентот пристап и користење на компјутерско информациониот систем за давање налози по електронски пат, во согласност со овие Општи услови.

## Компјутерски информационен систем

Член 2

Шпаркасе Банка АД Скопје, користи компјутерско информациски систем во сопственост на Македонска Берза АД Скопје, со софтверска апликација Брокер Офис која обезбедува:

- клиентски модул со функционалност за испраќање на електронски налози;
- серверски модул кој има функционалност за обработка на електронски налози и управување со функционалност за криптирање и/или декриптирање на електронски налози и
- функционалност за автоматизиран прием на електронскиот налог во книгата на налози по неговото прифаќање.

## Најава на компјутерско информациски систем со софтверска апликација за електронско давање на налози

Член 3

Клиентите на Шпаркасе Банка АД Скопје најавата ја вршат преку интернет страницата на Банката https://broker.sparkasse.mk/etrader.

Шпаркасе Банка АД Скопје им доделува на клиентите единствена комбинација од корисничко име и лозинка. При најавата на софтверската апликација ETrader клиентот ги користи корисничко име и лозинката доделени од страна на Шпаркасе Банка АД Скопје.

## Утврдување на идентитетот на клиентот

Член 4

Идентитетот на клиентот се утврдува со самото најавување на https://broker.sparkasse.mk/etrader со издаденото корисничко име и лозинка кои претставуваат единствена комбинација за секој клиент на Шпаркасе Банка АД Скопје и чиј внес се врши при секоја најава на компјутерско информациски систем со софтверска апликација ETrader на Шпаркасе Банка АД Скопје. Клиентот е должен уредно да ја чува и заштити од неовластено користење издаденото корисничко име и лозинка.

Постапката за криптирање на електронски налози за тргување се врши со помош според моделот на ПКИ. Електронскиот налог се криптира со јавниот електронски клуч за криптирање на Шпаркасе Банка АД Скопје. Криптираниот налог во себе ги содржи сите информации и податоци што претходно се содржани во електронскиот налог. Со пристигнувањето на криптираниот налог во Шпаркасе Банка АД Скопје се врши декриптирање, односно серверскиот модул веднаш го препознава криптираниот налог и започнува процес на декриптирање при што се користи приватен клуч за размена на Шпаркасе Банка АД Скопје. По извршеното декриптирање на електронскиот налог се чита содржината на налогот. После читањето на содржината на налогот, Шпаркасе Банка АД Скопје истиот го прифаќа или го одбива, што соодветно се евидентира во книгата на налози. После прифаќањето на налогот, истиот станува активен за тргување и се постапува согласно инструкциите дадени од клиентот.

## Дозволени видови налози при прием на налози по електронски пат

Член 5

При прием на налози по електронски пат преку софтверска апликација ETrader, Шпаркасе Банка АД Скопје **ќе ги прифаќа** следните видови на налози:

- пазарен налог
- лимитиран налог - со следните подвидови лимитирани налози:
  - налог со дополнителен услов за реализација - изврши или откажи
  - налог со скриена количина

При прием на налози по електронски пат преку софтверска апликација ETrader, Шпаркасе Банка АД Скопје **нема да ги прифаќа** следните видови налози:

- лимитиран налог со инструкции
- налог со услов СЕ или НИШТО
- пазарен во лимитиран
- стоп налог (стоп пазарен налог и стоп лимитиран налог)

## Дозволени видови налози при прием на налози по електронски пат

Член 6

При прием на налози по електронски пат Шпаркасе Банка АД Скопје ќе ги прифаќа налозите со следните рокови на важност:

- за пазарен налог – дневна важност
- за лимитиран налог – од еден ден до 30 календарски дена, но не повеќе од 30 календарски дена.

## Редослед на обработка на налози по електронски пат

Член 7

Овластените брокери ќе ги обработуваат т.е. ќе вршат прием или одбивање на Етрадинг барањата од клиентите, согласно временскиот редослед на пристигнатите барања од клиентите т.е. временската ознака на Етрадинг барањето во книгата на налози.

**Прифаќање на налог по електронски пат**

Член 8

Давањето на налог по електронски пат, клиентот го врши преку софтверска апликација ETrader. Откако овластен брокер вработен во Шпаркасе Банка АД Скопје ќе го прифати налогот, во книгата на налози на Шпаркасе Банка АД Скопје се заведува прифаќањето на налогот и се испраќа електронска потврда за прифаќање на налогот до клиентот. Овластените брокери на Шпаркасе Банка АД Скопје, во најбрзо време ќе пристапат кон прифаќање на налозите од клиентите дадени по електронски пат, по комплетирање на суштинската проверка на истите.

Компјутерско информациски систем со софтверска апликација Брокер Офис кој го користи Шпаркасе Банка АД Скопје обезбедува уредно евидентирање на времето во книгата на налози кога налогот е даден и кога е прифатен или одбиен од овластен брокер во Шпаркасе Банка АД Скопје.

Налогот се смета за прифатен во моментот кога овластен брокер ќе го прифати налогот од клиентот. До моментот на прифаќањето на налогот од страна на овластен брокер, налогот има статус на Етрадинг Барање во книгата на налози.

**Менување на налог**

Член 9

Менувањето на налогот по електронски пат, клиентот го врши преку софтверска апликација ETrader. Откако овластен брокер вработен во Шпаркасе Банка АД Скопје ќе го одобри менувањето на налогот, во книгата на налози на Шпаркасе Банка АД Скопје се заведува повлекување на налогот и се внесува нов налог со изменетите услови поставени од клиентот.

При менување на налогот, само следните елементи од налогот може да се менуваат:

- количина на налогот
- цена на налогот
- рок на важност

Компјутерско информациски систем со софтверска апликација кој го користи Шпаркасе Банка АД Скопје обезбедува уредно евидентирање на времето во книгата на налози кога менувањето на налозот е пратено и прифатено или одбиено од овластен брокер во Шпаркасе Банка АД Скопје.

Налогот се смета за заменет во моментот кога овластен брокер ќе го прифати менувањето на налогот. Трансакциите кои се склучиле до моментот на прифаќањето на менувањето на налогот од страна на овластен брокер, се сметаат за полноважни.

**Повлекување на налог**

Член 10

Повлекувањето на налогот по електронски пат клиентот го врши преку софтверска апликација ETrader. Со повлекувањето на налогот, откако брокер вработен во Шпаркасе Банка АД Скопје ќе го прифати повлекувањето, се врши евидентирање на повлекување на налогот во книгата на налози.

Компјутерско информациски систем со софтверска апликација кој го користи Шпаркасе Банка АД Скопје обезбедува уредно евидентирање на времето кога повлекувањето на налогот е пратено од клиентот и прифатено од страна на овластен брокер во Шпаркасе Банка АД Скопје.

Налогот се смета за повлечен во моментот кога овластен брокер ќе го прифати повлекувањето на налогот. Трансакциите кои се склучиле до моментот на прифаќањето на повлекувањето на налогот од страна на овластен брокер, се сметаат за полноважни.

**Одбивање на налог**

Член 11

Овластениот брокер во Шпаркасе Банка АД Скопје ќе изврши одбивање на налог примен по електронски пат доколку:

- Налогот на клиентот е во спротивност со Закон за хартии од вредност
- Налогот на клиентот е во спротивност со правилата за тргување на Македонска Берза;
- Налогот на клиентот ги прекршува одредбите на Закон за преземање на акционерски друштва;
- Налогот на клиентот ги прекршува одредбите на Законот за супервизија на осигурувањето;
- Налогот на клиентот ги прекршува одредбите на Законот за Банки;
- Клиентот кој има намера да купува хартии од вредност, ги нема уплатено паричните средства директно на сметката за порамнување која Шпаркасе Банка АД Скопје ја има отворено во Народната Банка на Република Северна Македонија, најдоцна до денот на порамнување на трансакцијата;
- Хартиите од вредност кои се предмет на продажниот налогот не се слободни и расположливи за продажба;

Причините за одбивање на налогот овластениот брокер ги наведува во електронската потврда за одбивање.

**Електронска потврда за прифаќање или одбивање на налог**

Член 12

Шпаркасе Банка АД Скопје во истиот момент кога ќе го прифати или одбие налогот ќе му испрати на клиентот преку електронскиот систем електронска потврда за прифаќање или одбивање на налогот пратен преку електронски систем.

Клиентот самостојно врши увид во електронската потврдата за прифаќање или одбивање во електронскиот систем на Шпаркасе Банка АД Скопје.

Служба за работи со хартии од вредност
Ул.Македонија. 34, 1000 Скопје
www.sparkasse.mk
Тел. : +389 2 3200 713
+389 2 3200 539
MLBrokerSPsMAK@sparkasse.mk

**Шпаркасе Банка АД Скопје**
Ул.Васил Иљоски бр.14, 1000 Скопје
**www.sparkasse.mk**
Тел. : +389 2 3200 500
Факс.:+389 2 3200 515
contact@sparkasse.mk
SWIFT: INSBMK22

**Пазари за кои се врши прием на налози по електронски пат**

Член 13

Овластеното правно лице ќе врши прием на налози по електронски пат само за оние пазари кои се наведени во склучениот договор со клиентот за давање и прием на налози по електронски пат.

**Работно време за прием на налози по електронски пат**

Член 14

Клиентот може во секое време да прати налог по електронски пат, но прифаќањето или одбивањето на налогот од овластен брокер во Шпаркасе Банка АД Скопје ќе се врши во текот на работното време на Шпаркасе Банка АД Скопје.

**Овластени брокери за прием на налози по електронски пат**

Член 15

Шпаркасе Банка АД Скопје преку администраторскиот дел на софтверската апликација Брокер Офис ќе врши одредувањето на овластени брокери за прием на налози по електронски пат.
При испраќањето на налогот клиентите ќе можат да го испратат налогот само до еден од овластените брокери кои можат да вршат прием на налози по електронски пат.

**Достапност на услуга**

Член 16

Банката се обврзува дека на клиентите ќе им понуди најдобра услуга, примање и обработување на нивните барања.
Банката не гарантира за целисходноста на податоците кои ги нуди апликацијата, ниту за квалитетот на услугата која зависи од перформансите на апликацијата.

**Преодни и завршни одредби**

Член 17

За се што не е утврдено во овие Општи услови за прием на налози по електронски пат се применуваат Општите услови за работа со хартии од вредност и постоечката важечка регулатива од областа на хартиите од вредност.

**Шпаркасе Банка АД Скопје**